ADING

# АДИНГАКРИЛ

*Еластичен акрилатен еднокомпонентен кит*

## Област на примена:

Исполна на работни фуги кај индустриски подови Подинг-К, фуги кај монтажни градби, фуги меѓу бетон-бетон, бетон-дрво, бетон-метал, ѕид-прозор, керамика, стакло и сл.

## Својства:

- Густа акрилатна паста;
- Водонепропустлив;
- Не содржи растворувачи;
- Лесно вградлив, со пиштол, по ладна постапка;
- За ширина на фуга до 1,0 см;
- Одлична атхезија на подлога од бетон, дрво, цигла, гипс, керамички плочки;
- Отпорен на слаби раствори на бази и киселини;
- Отпорен на атмосферски влијанија;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | Обоена паста |
| Волуменска маса: | 1,7 - 1,8 гр/см$^3$ |
| Содржина на сува материја: | 75±2% |
| Температура при вградување: | 5°C до 40°C |
| Време на врзување:<br>-почеток<br>-крај | <br>15-30 мин.<br>24 часа |
| Издолжување, до кинење: | на Т=70°C...48%<br>на Т=-10°C...41% |
| Прионливост:<br>врз бетон<br>врз дрво и метал | <br>$\sigma_s$=0,4 МПа<br>$\sigma_s$=0,2 МПа |

## Подготовка на подлогата:

Подлогата треба да биде сува, чиста и обезмастена. При обработка на пукнатини потребно е да се оформи минимална димензија на пукнатината од 0,5 см. Кај порозни подлоги потребно е нанесување на предпремаз кој се подготвува со замешување на Адингакрил со вода во однос 1:1.

## Вградување:

Картушата се пресекува на горната страна по што се навртува конусниот пластичен врв. Нанесувањето е со рачен пиштол, со рамномерно движење по должината на спојницата. За нанесување на китот може да се користи и шпахтла. Во зависност од длабочината на спојницата, нанесувањето е во една или две работни постапки. Доколку се нанесе во подебел слој, се отежнува врзувањето на китот.

## Потрошувачка:

| Длабочина (мм) | Ширина на спојницата (мм) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **4** | **6** | **8** | **10** |
| **4** | 18 | 12 | 8,5 | |
| **6** | | 8 | 6 | 5 |
| **8** | | | 4,5 | 3,5 |
| Метри должни од спојницата што може да се исполнат со една картуша од 400 мл | | | | |

## Стандардни бои:

Се произведува во бела, сива, црвена и зелена

## Забелешка:

Можна е изработка и во други бои, надвор од стандардната тон карта, на посебно барање на купувачот.

КИТОВИ

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во картуши од 0,4 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа. Во суви простории, на температура од минимум 5°C до 35°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар:
Адингакрил е незапалив
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Адингакрил се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*